# Свечено отворање на плоштадот во Гази Баба



Фото: Маја Златевска

**Градските власти вчера почнаа да го украсуваат Скопје и да ја поставуваат традиционалната елка на плоштадот Македонија. Градоначалникот Трифун Костовски денеска симболично ќе ги вклучи светилките на новогодишните украси. Задолжени за годинашното новогодишно украсување и прослава се Градот и „Т-хоум". Розовата боја, односно бојата на спонзорот, ќе биде доминантна. Плоштадот за новогодишните празници ќе го краси ѕвездено небо. За свечената ноќ ќе има две бини, а дел од сценографијата ќе биде и паркиран трамвај од кој ќе се пушта ретро-музика.**

Градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски, денеска напладне свечено ќе го отвори новиот плоштад во населбата Автокоманда. Плоштадот, кој почна да се гради во јули годинава, се наоѓа меѓу булеварот Александар Македонски и улицата Трифун Хаџијанев. Вечерта, со почеток во 18 часот, на новиот плоштад, посетителите ќе ги забавуваат Елена Ристеска, Ламбе Алабаковски и групата „Синтезис".

Но, сега-засега, објаснија од Гази Баба, е завршена само првата фаза, која се состои од партерно и хортикултурно уредување на плоштадот. Во втората фаза останува да се изградат фонтаната и споменикот од бронза, коњаник на коњ. На постаментот на коњаникот ќе биде изведена ѕвездата од Кутлеш.

Одборот за подигање спомен-обележја вчера информира дека скулптурата на коњаник на новиот плоштад, но и фонтаната ќе се градат според идејниот проект на Валентина Стевановска, која ја доби првата награда на конкурсот објавен од Општина Гази Баба.

Првата награда е во вредност од 400 илјади денари, втората е 250 илјади денари, а ја доби авторот Зоран Ивановиќ. Третата е 150 илјади денари и ја доби идејниот проект на авторот Жарко Пашевски.

Новиот плоштад зафаќа површина од 5.768 квадратни метри и е поплочен со гранитни плочки. Проектот, кој го изработи јавното комунално претпријатие од Прилеп, чини 27 милиони денари. За реализација на плоштадот од буџетот на Општината се издвоени 5 милиони денари, останатиот дел се донации.

Плоштадот е проектиран како плато поплочено со гранитни плочки, пристапни патеки, зеленило со цветни алеи, а содржи и две забавни детски катчиња. Исто така, има мини-бина на која ќе се одвиваат разни манифестации и плато за коњаникот. На двете граници од плоштадот се засадени 14 јасени. (А.П.)